# ВЕСТ Живот

## Тамара и Влатко во дуо, ама на сцена





Откако се рашири муабетот за нивната наводна врска, Тамара и Влатко од "Морал" не можат да се видат на раат, а да не ги улови некој објектив или да не се изведи некој нов муабет. Тие на сето тоа само се смешкаат и упорно велат дека се само пријатели. На 24 февруари, во Универзална сала, на "Златна бубамара на популарноста" ќе ги видиме во дуо. На сцена. Тамара ќе го засили "Морал" во "лајф" изведбата на "Кога патувам". За инает на сите муабети или за забава, професионална соработка... Како и да е, Тамара и Влатко, сепак, одат во дуо.

*(М.Џ.)*

## Томислав Маниќ 50 години на естрадата



На 12 април, во Универзална сала, легендарниот Томислав Маниќ ќе го прослави својот 50 естраден роденден. За сите оние од "неговото" време, но и оние помладите, ова е одлична можност уште еднаш да се навратат или допрва да се запознаат со неговите хит-евергрини. Концертот најавува богато сценарио и многу гости...

*(М.Џ.)*

*Во Универзална со неговите хит-евергрини*

## Го следам знакот за квалитет во електронската музика

ДАРКО МАРКОВСКИ, ДИЏЕЈ



*Стилски не се ограничувам кога е во прашање музиката*

Дарко Марковски - секој четврток резидент-диџеј во клубот "Универзум", а во петок и сабота на Сити радио. Иако има 25 години, од 94´ па наваму веќе ја има својата диџеј-кариера. Ако се направи ретро, за името на Дарко се врзани: на времето популарната дискотека "Мусандра", Антена 5, уредник на Кока-кола топ 20 на А1, А1 радио, Нома и скоро секој клуб во Скопје, а и градовиве низ земјава. Колекционер, и тоа од мали нозе, на плочи, касети, цедиња... пресудното нешто за тој да стане диџеј.

■ **Кажи ми што работиш сега, кога се во прашање твоите диџеј-вечери?**

- Моментално ја имам својата "ап и андерграунд" резидент-вечер, секој четврток во клубот "Универзум". Во петок сум во "Колосеум", а во моментов подготвувам и три журки во "Елемент". Исто така работам и на она што допрва ќе се случи, а тоа е денс фестивал во соработка со "Колосеум". Ќе ти откријам само дека станува збор за гостување на познати диџеи... но, за тоа потоа.

■ **Хаус-музика... колку стилски се ограничуваш?**

- Стилски не се ограничувам кога е во прашање музиката. Во мојот сет може да се најдат повеќе стилови. Стилот на музиката се движи од хаус кон техно со сите подвидови: есид, дип, трајбл, прогресив, електро... сметам дека оваа музика е најинтересна и најсоодветна сега. Сепак, не слушам само хаус-музика, туку и денес уживам во албумите на Бери Адамсон, "Масив атак", Енди Брукс, Уфо, Свеѕак...

■ **Како ја избираш музиката и знаеш дека е добра?**

- Го следам знакот за квалитет . Пред сé, ги следам новите музички трендови, продуценти, бендови, групи... ги купувам нивните плочи, плочите на нивните соработници.

■ **Петок и сабота си на Сити радио. Што им презентираш на слушателите?**

- Во радиото имам два термина, и тоа од 22 до 24 часот. Во овие четири часа слушателите имаат можност да слушнат многу нова и досега неемитувана музика на радио, мои миксови или, пак, миксови на наши или странски диџеи. Презернтирам и некои нови албуми на автори кои сметам дека се интересни да се слушнат.

■ **Постои ли журка што ти останала во сеќавање?**

- Ако треба да одберам, најверојатно тоа е забавата на која настапив со Дени Хавлс. Посетеноста беше огромна - 2.500 луѓе. Но, многу ги сакам и оние забави каде што се присутни од 300 до 500 луѓе, кои не се толку еуфорични и, пред сé, се сконцентрирани на музиката.

■ **Зошто Дарко Марковски нема прекар?**

- Сметам дека така е најдобро, но и дека е коректно. На крајот на краиштата, голем дел од диџеите и од продуцентите денес немаат прекари, туку се претставуваат со цело име и презиме.

*А. Герова*